Контролни мерки:

-Изготвување на флаери и плакати со известување за правилна дистрибуција и селекција на цврстиот отпад за оној вид отпад за кој се врши селекција на подрачјето на општината. Флаерите да се дистрибуираат со сметките за вода и отстранување на отпадот, а плакатите да се постават на регуларни места и на контејнерите за отпад.

-набавка на моќна канал џет цистерна и општа заложба за раздвојување на атмосферската од фекалната канализација.

4.1.Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини со примена на метода на ларвицидна дезинсекција и возрасни инсекти(муви ,комарци и сл), согласно изготвени акциониот план со динамика на извршување.

Законот за заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи, зелени пазари, канализации, депонии и друго.

Спроведувањето на ДДД во установите и другите јавни објекти ќе се врши врз основа на побарувања или склучени договори помеѓу ЈЗУ ЦЈЗ Гевгелија или други правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со закон и прописите донесени врз основа на него и корисниците на овие услуги.

Општина Дојран согласно законските прописи а и преку стручното мислење на Советот за јавно здравје за подрачјето на општина Дојран, за спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

4.2.Аерозапрашување, комбинирано со терестичко третириање на територијата на општина Дојран ке се врши во соработка со соседните општини преку ангажирање на оператор преку Центарот за југоисточен плански регион Струмица.

5.1.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението, Општината во соработка и со Центарот за јавно здравје ке го планираат и организираат спроведувањето на промоција на здравјето и превенцијата од заразни болести.

Во зависност од случувањата ќе се спроведуваат и типизирани предавања на учениците од основното образование за заштита од заразни болести.

III.Финансирање

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Дојран за 2026 година, во Програма Ј7 -Одржување и користење на паркови и зеленило, ставка 424230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во вкупен износ 100.000,00 денари, во Програма Е0-50.000,00 денари и во Програма Г2-други трансфери во износ од 500.000,00 денари.

IV.Известување

Во недостаток на општински јавни гласила, известувањето и информирањето на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, соработка на општината со локалните надлежни органи: полиција, противпожарна служба, здравствен центар, здружение на пчелари и други субјекти, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот и начинот на изведување на третманот.

V.Мониторинг

Покрај претставник од локалната самоуправа-комунален инспектор, мониторинг над спроведувањето на превентивните активности на Општина Дојран за заштита на населението од заразни болести ќе врши и претставник од Центарот за јавно здравје како и претставник од Агенцијата за храна и ветеринарство.

VI.Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран“.

Бр.08-54/9
09.02.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Годишната програма за одржување на јавна чистота
во општина Дојран за 2026 година

1.Годишната програма за одржување на јавна чистота во општина Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 09.02.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-288/8
16.02.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Р.М.“ , бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16) и („Службен весник на Р.С.М.“ бр.122/21), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 09.02.2026 година донесе:

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА
# ВО ОПШТИНА ДОЈРАН ЗА 2026 ГОДИНА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување.

Сопствениците, односно корисниците на отворени простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Согласно одредбите на Законот за јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејност од јавен интерес од локално значење, и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

За вршење на работите на одржување на јавната чистота, општина Дојран секоја година донесува годишна програма која содржи: вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиски средства, временски рокови за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите.

## II. СТРАТЕШКИ ДЕЛ

Програмата на општина Дојран за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

Со оваа Програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во општина Дојран за 2026 година, и тоа:

Вид и обем на работите што треба да се извршат;

- Финансиските средства;
- Временски рокови за извршување;
- Динамика и начин на вршење на работите;
- Обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

## III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Со Годишната програма за јавна чистота во општина Дојран за 2026 година, предвидено е одржување на јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, крајбрежја, паркинг простори, гробишта, јавни санитарни јазли, пазари, редовно изнесување и депонирање на комунален смет, технолошки отпад, градежен шут, чистење на диви депонии).

## IV. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма за јавна чистота во општината го врши ЈПКД „Комуналец - Полин“ - Стар Дојран.

Јавното претпријатие ЈПКД „Комуналец - Полин“ - Стар Дојран изготвува Годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот и категоријата на улиците поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

Извршителите имаат обврска за континуирано, квалитетно и навремено одржување на јавната чистота согласно Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Дојран за 2026 година.

## V. ВИД, ОБЕМ, ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини се врши на следниот начин:

Во централното подрачје на населбите Стар Дојран - ул.”Маршал Тито” (на потегот од Вила на Влада до текстилен пазар) и Нов Дојран – ул”Маршал Тито” (на потегот од бензинска станица Макпетрол до м.в.”Калдрма”), секој ден по главната улица, тротоарите, плоштадот и

паркиралиштата, во периодот од 01.04. до 31.10. во текот на годината (летен период) од 7 до 9 часот и од 11 до 13 часот, во периодот од 01.11.до 31.03. во текот на годината (зимски период) од 8 до 10 часот и од 12 до 14 часот преку рачно и машинско метење со помош на метларка, во сопственост на јавното комунално претпријатие.

Јавните површини во останатите делови од наведените населби ќе се метат еднаш неделно.

Во останатите населени места во рамки на одговорност на јавното комунално претпријатие, на јавната површина во центарот на населбата и влезната улица, јавната чистота ќе се одржува *еднаш до два пати неделно*, а во другите делови *еднаш до два пати месечно*.

Одржување на јавната чистота со миење на главните улици со помош на цистерната од Доброволното противпожарно друштво ќе се врши во летниот период два пати неделно и тоа во деновите петок и понеделник, во центарот на сите населени места и долж пешачко-рекреативната патека од вила на Влада до летна сцена амфитеатар во Стар Дојран, а во зимскиот период по потреба (зависно од временските услови). Редовно миење со помош на цистерна ќе се извршува и на Граничен премин Дојран согласно потпишан договор за одржување хигиена.

Останатите делови од населбите во општината ќе се мијат по потреба.

Јавната чистота на јавните површини (парковите, уличните тревници, дрворедите) ќе се врши во летниот период секој ден, а во зимскиот период по потреба.

ЈПКД „Комуналец - Полин“ - Стар Дојран ќе врши косење на банкини и тротоари на улиците во пролетниот и летниот период, кастрење на дрворедите еднаш годишно и периодично метење на останатите улици во населените места и уништување на вегетацијата околу бетонските рабници.

## VI. ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

ЈПКД „Комуналец - Полин“ - Стар Дојран е должен да постапува и по издадени решенија од Општинскиот комунален инспектор и овластениот инспектор за животна средина за чистење на мини депонии и јавни површини кои се надвор од Програмата, а кои се вонредно загадени и на кои е констатирано присуство на отпад од непознато потекло.

ЈПКД „Комуналец - Полин“ - Стар Дојран ќе врши чистење на просторот веднаш по одржување на јавни манифестации кои ги организира општина Дојран.

## VII ПОСТАВУВАЊЕ НА САДОВИ ЗА ОТПАД И ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

За одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се поставаат садови – корпи и пластични канти со капацитет од 120л. и 240л., контејнери со капацитет од 1,1м$^3$ за мешан комунален отпад, игло контејнери за селекција на стакло со капацитет од 1,5 и 2м$^3$, игло контејнери за селекција на пластика со капацитет од 1,5м$^3$, метални кошеви за одлагање на отпад од пакување-хартија и картон како и доопремување на постоечките јавни санитарни јазли.

Во централниот дел на Стар Дојран садовите ќе се поставаат на оддалеченост од 30 метри, додека во другите делови на населбите, садовите ќе се поставаат на оддалеченост од 50 метри. Локациите на поставувањето на садовите дополнително ќе се утврдат со надлежните служби (Комуналната инспекција и операторот, односно, ЈПКД „Комуналец - Полин“ – Стар Дојран).
Сегашната состојба на јавни санитарни јазли во општината е таква што има вкупно (пет) 5 и тоа четири во централното подрачје во населбата Стар Дојран (во кругот на градскиот пазар во Стар Дојран, градски парк Стар Дојран и две покрај шеталиштето од вила на Влада до летна сцена-Амфитеатар) и еден во Нов Дојран кај плажа Калдрма, додека во останатите населени места нема. Исто така санитарни јазли е потребно да се поставаат и на новоформираниот градски пазар во Нов Дојран.

Во текот на 2022 и 2023 година се доделија пластични канти за отпад со капацитет од 120 л. за секое домаќинство во општина Дојран обезбедени со реализација на прекуграничен проект за подобрување на комуналните услуги како и со донација од Пакомак. Во план е до средината на месец март 2026 година да се обезбедат дополнителен број канти како за комунален отпад така и за селекција на отпад преку донација од страна на друштвата за постапување со отпад, и истите секако ќе бидат поделени на оние домаќинства кои сеуште немаат добиено со цел уште поголем придонес кон намалување на количините на создаден отпад и отпад кој се отстранува на депонија.

Со ова Програма се планира да се набават и да се поставаат уште 20-тина корпи (20-30L) и барем 10 контејнери, кои ќе бидат поставени на локации утврдени според потребите од ЈПКД „Комуналец Полин’ Стар Дојран, како и поставување на корпи и контејнери за селекција на отпад кои се веќе обезбедени преку донација од компанијата „Пакомак“.

VIII. ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За остварување на финансиската конструкција на Програмата за јавна чистота за 2026 година, ќе бидат потребни финансиски средства во вкупен износ од 3.385.000 денари и тоа по следните позиции:

| | |
|---|---|
| Ангажирање работна сила | 2.800.000 ден. |
| Потребен алат и прибор за работа, набавка на садови за отпад | 210.000 ден. |
| Одвоз на смет при метење и кабаст отпад | 90.000 ден. |
| Чистење на диви депонии со помош на градежна машина – скип | 185.000 ден. |
| ХТЗ опрема | 100.000 ден. |
| ВКУПНО | 3.385.000 ден. |

IX НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на Програмата за јавна чистота за 2026 година ќе се обезбеди од следните извори:

1. Од надомест за јавна чистота кој изнесува 32 денари по корисник (домаќинства и индустриски, комерцијални објекти и институции) на месец:
   2498 корисници х 32 денари х 12 месеци = 959.232 денари
2. Од такса за смет од дворно место која изнесува 27 денари по корисник:
   2498 корисници х 27 денари х 12 месеци = 809.352 денари + 5%= 849.820 денари

Фактурирани приходи (планирани) по двете основи: 1.857.014 денари.

За успешно спроведување и реализација на целокупната Програма за одржување на јавна чистота во општина Дојран за 2026 година и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и активности потребно е да се дообезбедат финансиски средства од Буџетот на општина Дојран за 2026 година во износ од 2.800.000,00 денари, и тоа по следните Програми:

| Активности | Програма | Буџет |
|---|---|---|
| J40 ЈАВНА ЧИСТОТА | | |
| 424 Поправки и тековно одржување | | |
| 424510 Одржување на зелени површини околу згради | J40 | 1.300.000,00 |
| 424590 Одржување на други зелени површини | J40 | 1.300.000,00 |
| 425 Договорни услуги | | |
| 425610 Услуги за заштита на водите, реките и езерата | J40 | 200.000,00 |
| J40 ЈАВНА ЧИСТОТА ВКУПНО: | | 2.800.000,00 |

Средствата за одржување на јавна чистота и одржување и користење на паркови и зеленило предвидени во Програми J40 и J70, ќе се обезбедат од Буџетот на општина Дојран за 2026 година.

X НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршување на Програмата за јавна чистота на подрачјето на општина Дојран за 2026 година врши надлежниот општински орган.

Инспекциски надзор согласно Законот за јавна чистота вршат овластениот комунален инспектор, комуналните редари.

Во случај кога општината нема назначено комунален инспектор, инспекциски надзор врши државниот комунален инспекторат.

XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за одржување на јавната чистота на општина Дојран за 2026 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран“.

Бр.08-54/10
09.02.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмата за за финансирање на активностите на општина Дојран за областа на социјалната заштита во 2026 година

1.Програмата за за финансирање на активностите на општина Дојран за областа на социјалната заштита во 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 09.02.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-288/9
16.02.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 142 став 5 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 09.02.2026 година, донесе,

# П Р О Г Р А М А
## за финансирање на активностите на општина Дојран за областа на социјалната заштита во 2026 година

## I. ВОВЕД

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,
- спречување на социјалната исклученост,
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки.

Поимник

Одделни изрази кои го имаат следново значење:

1) „Социјален проблем“ е објективен настан или ситуација предизвикан од сложени општествени настани, природни непогоди и девијантни однесувања, кој неповолно влијае врз поединецот, општествените групи или заедници на начин што им го отежнува или оневозможува социјалното функционирање и задоволувањето на човековите потреби, а чии последици не можат да се надминат без организирана општествена поддршка;

2) „Социјален ризик“ е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група, која може да дојде во потреба од социјална помош. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот во смисла на овој закон се: мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попреченост;

3) „Домаќинство“ е едночлено домаќинство или заедница на членови на семејството, како и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички живеат, придонесуваат, стопанисуваат и трошат;

4) „Самохран родител“ е родител кој сам ги врши родителските права и должности за детето, поради тоа што другиот родител е непознат, починат, исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности;

5) „Лице со попреченост“ е лице кое има долготрајни телесни, интелектуални, ментални или сетилни нарушувања кои во интеракција со различни пречки може да го спречат неговото целосно и ефикасно учество во општеството на еднаква основа со другите;

5-а) „Засегната здравствена состојба“ е болест (акутна или хронична), нарушување, повреда или траума. Засегната здравствена состојба може да вклучи и други околности, како што се: стрес, конгенитална аномалија или генетски предиспозиции и други состојби кои влијаат врз психофизичкиот развој на децата и младите;

6) „Старо лице“ е лице со навршени 65 години живот;

7) „Основни активности од секојдневниот живот“ се: одржување лична хигиена, облекување, самостојно користење тоалет, функционална мобилност во домот, самохранење и други слични активности;

Изразите, употребени во оваа програма кои се родово определени, се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол.

Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Републиката го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање.

Носители на социјалната заштита се Републиката, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните надлежности, а во согласност со Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22),

Републиката и општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат вршење на дејноста на социјалната заштита во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и закон, преку основање на установи за социјална

заштита или пренесување на вршењето на работи од социјалната заштита на здруженија, други правни и физички лица.

Во членот 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.05/02), се наведени надлежностите на локалната самоуправа. Една од надлежностите во наведениов член е и областа од социјалната заштита.

Во член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), „За остварување на дејноста на социјалната заштита, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, развиваат локални мерки и активности за социјална заштита согласно со овој закон:

- обезбедуваат спроведување на социјалната заштита согласно со овој закон,
- донесува одлуки за утврдување и на други права и социјални услуги во областа на социјалната заштита, права и услуги во поголем обем од обемот на правата и услугите утврдени со овој закон и поповолни услови за нивно остварување, како и обезбедуваат средства за нивна имплементација,
- основаат јавни установи за социјална заштита согласно со овој закон,
- формираат Совет за социјална заштита на општината, градот Скопје и општините на градот Скопје за подрачјето на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје,
- формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион,
- донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита,
- донесуваат годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита (во натамошниот текст: годишна програма за социјална заштита), во која предвидуваат активности и средства за реализација на истите. Годишните програми за социјална заштита се изготвуваат врз основа на социјалниот план на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, а во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита и истите пред донесување се доставуваат до Министерството на мислење,
- усвојуваат завршен извештај за реализирани активности во социјалната заштита согласно предвидената годишна програма и ги доставуваат до Министерството заради информирање,
- даваат финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија, други правни и физички лица и склучуваат управни договори согласно со овој закон и - врши други работи поврзани со социјална заштита согласно со овој закон.

II. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се: обезбедување на активен однос на Општина Дојран кон задоволување на потребите и нтересите на граѓаните од областа на социјалната заштита и одредување на приоритети во решавање на истите во рамките на своите законски овластувања за доброто на своите граѓани, врз основа на направена анализа на состојбите на целокупната сфера на социјалното живеење и идентификувани проблеми во неа.

III. ПРЕДМЕТ

Предмет на оваа Програма се активности кои ќе се реализираат во текот на 2026 година, а преку кои ќе се имплементираат надлежностите на Општина Дојран во областа на социјалната заштита.

IV.ПРИОРИТЕТИ

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Дојран во областа на социјалната заштита, да биде насочен кон остварување на приоритетните цели на оваа Програма и тоа:

-создавање на услови за помагање на деца на улица (деца без родители и родителска грижа);
- помош за лица со телесна/ментална попреченост;
- помош за лица самци кои немаат примања;
- помош на лица Самохрани родители;
- помош на Невработени лица;
- помош за лица, жртви на семејно насилство;
- помош за необразовани лица

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остваруваат својата социјална сигурност и кога се во исклучително тешка состојба.

V. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за социјална заштита во Општина Дојран за 2026 година, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Дојран за 2026 година.

Вкупно обезбедени финансиски средства: Во Буџетот планирани средства за 2025 година изнесуваат 750.000 денари.

Овие финансиски средства ќе се користат за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови и тоа:

| Реден број | Категории на лица за социјална заштита | Средства- денари |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | Стари и изнемоштени лица | до 12.000 денари |
| 2. | Лица со телесна/ментална попреченост | до 12.000 денари |
| 3. | Лица-самци кои немаат примања | до 12.000 денари |
| 4. | Самохрани родители | 12.000 денари |
| 5. | Невработени лица | до 12.000 денари |
| 6. | Лица или семејство во состојба на социјален ризик | до 12.000 денари |
| 7. | Необразовани лица | до 12.000 денари |
| 8. | Жртви на семејно насилство | до 12.000 денари |
| 9. | Активни мерки подршка за раѓање на новороденче | по 10.000 денари |
| 10. | Лица на кои им е потребна итни здравствени хируршки интервенции и семејства со живеалиште на подрачјето на општина Дојран, кои имаат деца со аутизам-детска парализа | до 30.000 денари |

Со посебна одлука Советот може да се утврди и поголем износ за исплата на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик, а која може да остави трајни последици, заради претрпена природна непогода (земјотрес, поплава, пожар), епидемија и смрт на член на семејството, лице кое има потреба од оперативен зафат или подолго лекување во здравствена установа во странство но најмногу до 120.000 денари.

Трансферите до физичките лица ќе ги реализира Градоначалникот на општината, согласно оваа програма по предлог на комисијата формирана од Советот на општината.

По поднесените барања од лицата или од нивните старатели поткрепено со соодветна документација ке постапува комисијата, применувајки го Правилникот за утврдување на критериумите, условите за доделување на паричната помош и висината на паричната помош („Службен гласник на општина Дојран“), бр.3/18, 4/18, по кој предлог, Градоначалникот донесува решение.

Истите трансфери може да се реализираат еднократно а за ист барател ке се одобрува еднаш во календарската година.

Комисијата до Советот доставува Извештај за исплатените средства за парична помош најмалку два пати годишно.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на општина Дојран го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Дојран “.

Бр.08-54/11<br>09.02.2026 година<br>Стар Дојран

Претседател<br>на Советот на општина Дојран<br>Митко Тасев с.р.



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година

1.Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 09.02.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-288/10
16.02.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.



Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М.", бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) и член 16 став 1 точка 31 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седница одржана на ден 09.02.2026 година, по заклучување на

расправата по  Програмата за работа на Ј.П.К.Д. ,,Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година, донесе,

О Д Л У К А
За давање согласност на Програмата за работа на Ј.П.К.Д. ,,Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за работа на Ј.П.К.Д. ,,Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година, бр.01-43/1 од 26.01.2026 година, усвоен со одлука на Управниот одбор на Ј.П.К.Д. ,,КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН,, Стар Дојран, бр.02-70/6 од 09.02.2026 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дојран".

Бр.08-54/12
09.02.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за усвојување на Финансовиот План на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин” Стар Дојран за 2026 година

1.Одлуката за усвојување на Финансовиот План на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин” Стар Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 09.02.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-288/11
16.02.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.



Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.„бр. 5/02), и член 16 став 1 точка 31 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седница одржана

на ден 09.02.2026 година, по заклучување на расправата по Финансовиот План на Ј.П.К.Д. ,,Комуналец-Полин” Стар Дојран за 2026 година , ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## За усвојување на Финансовиот План на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин” Стар Дојран за 2026 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Финансовиот План на Ј.П.К.Д. ,,Комуналец-Полин” Стар Дојран за 2026 година, бр.05-50/1 од 28.01.2026 година, усвоен со одлука на Управниот одбор на Ј.П.К.Д. ,,КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН,, Стар Дојран, 02-70/5 од 09.02.2026 година

^len 2

Ova odluka vleguva vo sila 8(osum) dena od denot na objavuvawe vo "Slu`ben glasnik na opшtina Dojran".

Бр.08-54/13
09.02.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран

("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2025 година

1.Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2026 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 09.02.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-288/12
16.02.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 09.02.2026 година, расправајки по Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2025 година, го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К
По Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2026 година

1.Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2025 година, бр.01- 184/1 од 30.01.2026 година се усвојува во целост.

2.Овој заклучок влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Дојран,,.

Бр.08-54/14
09.02.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина

Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2025 година

1.Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2025 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 09.02.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-288/13
16.02.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и и ("Службен весник на Р.С.М.",бр.202/24), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 09.02.2026 година, расправајки по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2025 година, го донесе следниот,

# З А К Л У Ч О К

По Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2025 година

1.Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2025 година, бр.01- 185/1 од 30.01.2026 година,се усвојува во целост.

2.Овој заклучок влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Дојран,,.

Бр.08-54/15
09.02.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Дојран за 2025 година

1.Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Дојран за 2025 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 09.02.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-288/14
16.02.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.",бр.202/24), и член 185 од Деловникот на Советот на општина Дојран -пречистен текст ("Службен гласник на општина Дојран "бр.5/23), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 09.02.2026 година, расправајки по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Дојран за 2025 година, го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К
По Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Дојран за 2025 година

1.Извештајот за реализација на Годишната Програма за Уредување на градежното земјиште во општина Дојран за 2025 година, бр.01-186/1 од 30.01.2026 година,се усвојува во целост.

2.Овој заклучок влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Дојран,,.

Бр.08-54/16
09.02.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2026 година

1.Годишната програма з за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 09.02.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-288/15
16.02.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.С.М.") бр..32/2020, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М.", бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 09.02.2026 година, донесе,

ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ВО ОПШТИНА ДОЈРАН ЗА 2026 ГОДИНА

1. Општи одредби

Со оваа програма се утврдуваат планските документи кои ке се изработат за урбанистичко уредување на просторот во сите населени места во општина Дојран, У.П. за село и У.П. за подрачје вон населено место, Урбанистички проекти за разработување на урбанистички планови за село), изворите на финансирање и други прашања во однос на плановите.

Со изработка на урбанистичките планови ќе се обезбеди рационално искористување на просторот, намалување на бесправна изградба, вклопување на објектите кои се бесправно изградени и отварање на нови локации за:

- Викенд куки,
- Домување,
- Деловни објекти,
- Индустрија и мало стопанство,
- Спорт и рекреација,
- Инфраструктурни објекти,

Преку донесените урбанистички планови општината ги реализира усвоените годишни програми за уредување на градежно земјиште, изградба на локални патишта и улици, водоводни мрежи, фекални и атмосферски канализациони мрежи, заштита на животната средина и друго. Потребата од изработка на урбанистичките планови е иницирано од Одделението за Урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, врз основа на важноста на истите, новонастанатите промени и потребата за развој, како и предлозите, иницијативите и барањата од физичките и правни лица доставени до одделението.

Изработката на урбанистичките планови ке се финансира од Буџетот на општина Дојран.

Урбанистичките планови ќе се изработуваат од правни лица кои се овластени за изработка на истите, а истите ке се одредуваат согласно Законот за јавни набавки.

За оваа намена во Буџетот на општина Дојран за 2026 година, во програмата

Ф1- Урбанистичко планирање каде се предвидени средства во износ од 1.400.000,00 денари за реализација на истата.

Средствата во износ од 1.400.000,00 денари се планирани за следните активности:
- Исплата на сретства во износ од 689.000,00денари за Изработка на Урбанистички план за село Стар Дојран и Сретеново кој е во фаза на донесување.

-Дел од планираните сретства во износ од 200.000,00 денари ќе се користат за изработка на Ажурирани геодетски подлоги, геодетски елаборати, Инфраструктурни проекти и друг вид на проектна документација, Урбанистички проекти на одредени делови каде има донесено урбанистички планови за некој од населените места, а каде што ќе има потреба од детална разработка заради оформување на градежни парцели и изработка на Урбанистички проекти за селата каде што има донесено урбанистички планови.

- Останатиот дел од сретствата во износ од 511.000,00денари ќе се користат за изработка на урбанистички планови за потребите на општина Дојран и тоа:

1.Изработка на Урбанистички план за вон населено место во м.в. "Бедирци" К.О.Николиќ, за вклопување на постојните објекти на Министерството за Труд и Социјална политика со намена Б5-Хотелски комплекси со површина на плански опфат од 5,0ха.

**2.** Урбанистичките планови кои се во фаза на изработка и донесување, ги ставаме во Програмата за Урбанистички планови за 2026 година и тоа плановите:

**2.1.** Изработка и донесување на Урбанистички план за село за населените места во општина Дојран и тоа:

-Изработка на Урбанистички план за село Куртамзали,

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата од надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и другите извори предвидени со оваа Програма.

Заради успешно реализирање на Програмата неопходно да се почитуваат договорените обврски, а против нередовните плаќачи да се превземаат мерки за присилна наплата на долгот.

Бр.08-54/20
09.02.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Програмата за работа од областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.С.М. на подрачјето на Општина Дојран за 2026 година

1.Програмата за работа од областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.С.М. на подрачјето на Општина Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 09.02.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-288/19
16.02.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 99 став 1 точка 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и Службен весник на РСМ” бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и („Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 16 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран” бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 09.02.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДОЈРАН ЗА 2026 ГОДИНА

Вовед

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи

Глави на Програмата

**1.** Цели на Програмата
- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)
- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
- Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
- Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање
- Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање
- Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство.

3.Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

4. Динамика на реализација на Програмата
- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
- Пропишување на условите за надавање
- Лица надлежни за реализација на Програмата

5.Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

- Приходна страна на Програмата
- Расходна страна на програмата

6. Преодни и завршни одредби

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

Митко Тасев с.р.

ВОВЕД :

Општ дел

Согласно Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и (“Службен весник на Р.С.М.“ бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24 и 233/24), градежното земјиште, може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, на домашни и странски физички и правни лица.

Сопственоста врз градежното земјиште создава права и обврски и служи за доброто на сопственикот и на заедницата.Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето, користење на земјиштето и право на пренесување на правото на градење на други лица. Правото на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се стекнува врз основа на правно дело, по претходно донесена одлука од страна на Советот или врз основа на судска одлука.

Сопственоста врз градежното земјиште на општините вклучува право на градење, користење на земјиштето, право на пренесување на правото на градење на други лица и право на отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Со Одлука бр.45-7295/1 од 29.10.2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.228/19), Владата на Република Северна Македонија ја пренесе надлежноста за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на општина Дојран кое се наоѓа на нејзиното подрачјето, согласно исполнетите услови од член 99 од Законот за градежно земјиште.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што со него е трајно поврзано а се наоѓа на површината или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено или неизградено, уредено или неуредено. Изграденото градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште на кое се изградени објекти на комунална инфраструктура, објекти на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација со приклучоци до границите на градежната парцела.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии што граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура и истата може да се состои од една или повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот до
реализација на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект.

Инфраструктурен објект е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен сообраќај), подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации.

Прометот на градежното земјиште е слободен. Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, да се дава на користење (концесија или јавно приватно партнерство), да се дава под долготраен и краткотарен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Дојран, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети:

1. А1- Индивидуално домување

- Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, донесен со Одлука на Совет на општина Дојран Бр.08-1152/3 од 24.11.2023 година

2. А4- Времено сместување

- Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, донесен со Одлука на Совет на општина Дојран Бр.08-1152/3 од 24.11.2023 година
- Урбанистички план за село Дојран, ЛОКАЛИТЕТ „КАРАЧ“ БЛОК 34 - ОПШТИНА ДОЈРАН, Донесен со Одлука на Совет на Општина Дојран Бр.07- 1107/5 од 27.11.2015 год

3. Г2-Лесна и помалку загадувачка индустија

- Урбанистички план за село Николиќ, КО Николиќ, општина Дојран- разработка на Блок 1- Планска документација- плански период 2014-2024 година

Б) Основи за изработка на Програмата

➢ Законски основ

Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се:

Закон за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М. бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М. бр.202/24), Закон за градежно земјиште ("Службен весник на Р.М. бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и ("Службен весник на Р.С.М." бр.275/19), Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп и заснованието на право на стварна службеност („Службен весник на РМ" бр.163/16, 190/17 и 201/18 и "Службен весник на РСМ" бр.129/21 и 99/22) и Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран" бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20).

➢ Основни плански документи

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, донесен со Одлука на Совет на општина Дојран Бр.08-1152/3 од 24.11.2023 година
- Урбанистички план за село Дојран, ЛОКАЛИТЕТ „КАРАЧ" БЛОК 34 - ОПШТИНА ДОЈРАН, Донесен со Одлука на Совет на Општина Дојран Бр.07- 1107/5 од 27.11.2015 год
- Урбанистички план за село Николиќ, КО Николиќ, општина Дојран- разработка на Блок 1- Планска документација- плански период 2014-2024 година

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

1. Цели на Програмата

➢ Општи цели на Програмата

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

Општината и општинската администрација ја сочинуваат лица вработени – жители на општината кои доста добро го познаваат теренот, односно местоположбата на целокупното земјиште, вклучувајќи го тука и градежното земјиште во државна сопственост, од тие причини во рамките на оваа Програма како општи цели се земени подигнување на развојот на општината преку промоција и унапредување на туризмот, а во врска со продажбата на градежното земјиште.

- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/ локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење и решавање на станбеното прашање.

2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)

2.1. „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДОЈРАН, ЛОКАЛИТЕТ „КАРАЧ“ БЛОК 34 - ОПШТИНА ДОЈРАН, Донесен со Одлука на Совет на Општина Дојран Бр.07- 1107/5 од 27.11.2015год.

Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели:

| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДОЈРАН, ЛОКАЛИТЕТ „КАРАЧ“ БЛОК 34 - ОПШТИНА ДОЈРАН, Донесен со Одлука на Совет на Општина Дојран Бр.07- 1107/5 од 27.11.2015год. | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежната парцела м2 | Намена на земјиште | Компатибилни класи на намена мах 30% | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена висина - кота на венец | Катност |
| 1. | 1.6 | 4775 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 2080 | 6656 | 44% | 1.39 | 13.20 | П+3 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | 4.1 | 6060 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 3257 | 10422 | 54% | 1.72 | 13.20 | П+3 |
| 3. | 4.6 | 2247 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 1006 | 3219 | 45% | 1.43 | 13.20 | П+3 |
| 4. | 4.7 | 2367 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 1032 | 3302 | 44% | 1.40 | 13.20 | П+3 |
| 5. | 3.1 | 3469 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 1465 | 4688 | 42% | 1.35 | 13.20 | П+3 |
| 6. | 3.7 | 1968 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 1010 | 3232 | 51% | 1.64 | 13.20 | П+3 |
| 7. | 3.8 | 2085 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 1087 | 3478 | 52% | 1.67 | 13.20 | П+3 |
| 8. | 3.9 | 2269 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 1074 | 3437 | 47% | 1.51 | 13.20 | П+3 |
| 9. | 3.10 | 2742 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 1512 | 4838 | 43% | 1.71 | 13.20 | П+3 |
| 10. | 3.2 | 4054 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 1678 | 5370 | 41% | 1.32 | 13.20 | П+3 |
| 11. | 3.3 | 3002 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 1689 | 5405 | 56% | 1.80 | 13.20 | П+3 |
| 12. | 3.4 | 3446 | А4 - Времено сместување | Б1, Б3, В2, В3, Д3 | 1915 | 6128 | 56% | 1.78 | 13.20 | П+3 |

2.2. Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, донесен со Одлука на Совет на општина Дојран Бр.08-1152/3 од 24.11.2023година

Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели:

| Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, донесен со Одлука на Совет на општина Дојран Бр.08-1152/3 од 24.11.2023година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Вкупна површина на катастарската парцела м2 | Намена на земјиште | Компатибилни класи на намена мах 30% | Број на катастарска парцела | Површина за градба во м2 | Процент на изграденост % | Кое фиц иент на иско рист енос т | Максимална дозволена висина - кота на венец | Катност |
| 1. | 465 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | КП. 1933/17 КО. Нов Дојран | 325.50 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 2. | 495 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | КП. 1933/11 КО. Нов Дојран | 346.50 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 3. | 544 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | КП. 1958/10 КО. Нов Дојран | 380.80 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 4. | 494 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | КП. 1878/2 КО. Нов Дојран | 345.80 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 5. | 509 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | КП. 1892/9 КО. Нов Дојран | 356.30 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | 456 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | КП. 1810/1 КО. Нов Дојран | 319.20 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 7. | 1059 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | КП. 1816 КО. Нов Дојран | 741.30 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 8. | 543 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | КП. 1862 КО. Нов Дојран | 380.10 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 9. | 585 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | КП. 1871 КО. Нов Дојран | 409.50 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 10. | 477 | А4 - времено сместување | Б1, Б3, В2, Д3 | 831/7 | 334 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 11. | 500 | А4 - времено сместување | Б1, Б3, В2, Д3 | 831/9 | 350 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 12. | 526 | А4 - времено сместување | Б1, Б3, В2, Д3 | 1392 | 368 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 13. | 599 | А4 - времено сместување | Б1, Б3, В2, Д3 | 1451 | 419 | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 14. | 3296 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | 1958/1 КО. Нов Дојран | / | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 15. | 8244 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | 1299,1285,1295КО. Нов Дојран | / | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |
| 16. | 4818 | А1 - домување во станбени куќи | Б1, В1, В2, Д3, Б5 | 1393 КО. Нов Дојран | / | 70% | 2.8 | 10.20м | П+2+Пк |

2.3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НИКОЛИЌ, КО НИКОЛИЌ, ОПШТИНА ДОЈРАН - РАЗРАБОТКА НА БЛОК 1 - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014 - 2024 ГОД.

Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани
со број на градежните парцели.

Урбанистички план за село Николиќ,КО Николиќ,Општина Дојран, Разработка на Блок 1- Планска документација-Плански Период 2014 – 2024 година

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежната парцела м2 | Намена на земјиште | Компатибилни класи на намена на мац 30% | Површина за градба во м2 | Вкупна површина за градење | Процена на изграденост % | Коефициент на искористеност | Максимална дозвлена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1.5 | 13442.89 | Г2-Лесна и незагадувачка индустрија | Б1,Г3,Г4 | 10.394 | 23.387 | 77.32% | 1.74 | 15.00 | П+2 |

Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање
- *нема да има парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп*

- Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање
- *нема да има парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп*

- Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство
- *нема да има парцели што ќе бидат предмет на давање на концесија или јавно-приватно партнерство.*

3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

Во рамките на Програмата за активностите на Општина Дојран се предвидува спроведување на информативни кампањи за продажба на градежно земјиште.

Врз основа на Програмата за секоја кампања, пристапот ќе се утврдува преку анализа на приоритетите, можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата.

Кампањите ќе се реализираат преку јавни медиуми, Веб страна на општината, соопштенија за јавност и други промотивни материјали.

4. Динамика за реализација на Програмата

➢ Турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси, според заинтересираноста на граѓаните.

Секој турнус би опфатил објава на оглас за градежна парцела што се наоѓа во состав на одреден урбан блок или локалитет. Динамиката на реализација мора јасно да посочи која градежна парцела ќе се објавува во кој турнус и кога би се реализирала објавата за тој турнус.

За реализација на програмата ќе се користи веб страната на општина Дојран и веб страната која се користи за објавување, аплицирање и спроведувањето на електронското јавно надавање, www.gradezno-zemjiste.mk, социјалните мрежи, а ќе се користат и дневните печатени медиуми што е и законска обврска.

➢ Пропишување на условите за надавање

Постапката за отуѓување се спроведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско јавно наддавање на интернет страницата www.gradezno-zemjiste.mk со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

- два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и
- Службен весник на Република Северна Македонија.

Учеството на јавното наддавање заентересираните правни и физички лица го потврдуваат со пополнување на пријава за учество на јавно наддавање по електронски пат.

Кон пријавата задолжително се приложува банкарска гаранција за сериозност на понудата во износ од 100% до 500% од вкупната почетна цена на градежното земјиште, но не помалку од 30.000,00 денари, која ќе биде активирана доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата во рок од 15 дена од добивање на известувањето за избор на најповолен понудувач и нема да се пристапи кон склучување на договор.

Електронското јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник, а јавното наддавање ќе биде успешно доколку има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена за отуѓување на градежното земјиште.

Во постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на јавно наддавање, висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста на градежното земјиште изнесува 10% од минималната почетна цена по метар квадратен, но не помалку од 10,00 денари со заокружување до најблискиот број во случаите кога висината на минималниот чекор претставува децимален број.

Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање не може да биде пократок од 20 календарски денови ниту подолг од 60 денови, во зависност од категоријата на објектот сметајќи од денот на објавувањето до денот на поднесување на пријава за земјиштето.

Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата во утврдениот рок и не ја достави целокупната документација во утврдениот рок, ќе се смета дека градежното земјиште не е отуѓено, нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела

- Лица надлежни за реализацијата на Програмата

Постапките за отуѓување или давање под закуп на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија ќе ги спроведува Комисија за спроведување на постапки за отуѓување или давање под закуп на градежното земјиште по пат на јавно наддавање формирана од Градоначалникот на општина Дојран, кои задолжително треба да поседуваат овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија и Одделението за управување со градежно земјиште при општина Дојран.

5. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

- Приходна страна на програмата

Индивидуално домување (А1 ) ________________________________ 314.150,00 денари
Времено сместување (А4) ___________________________________ 10.405.085,00 денари
Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија____ 998.265,00 денари

Вкупно приходи: 11.717.500,00 денари

- Расходна страна на Програмата

Финансиските средства потребни за реализација на програмите се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување односно давање под закуп на градежното земјиште
- Изработка на геодетски елаборати,

- Трошоци за прибавување на документи за отпочнување на постапките и објавување.

Се предвидуваат 300.000.00 денари за реализација на Програмата кои средства ќе се обезбедат од буџетот на општина Дојран.

6. Преодни и завршни одредби

Програмата ја усвојува Советот на општина Дојран.

Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија може да се изменува и дополнува на начин и постапка по која и се донесува.

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Дојран.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр.08-54/21
09.02.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за отуѓување на недвижен имот во сопственост на општина Дојран на КП бр. 206 и К.П. бр.208/1 К.О.Николиќ

1.Одлуката за отуѓување на недвижен имот во сопственост на општина Дојран на К.П. бр.206 и К.П. бр.208/1, К.О.Николиќ, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 09.02.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-288/20
16.02.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 66 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.",бр.202/24) и член 16 став 1 точка 34 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седницата одржана па 09.02.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за отуѓување на недвижен имот во сопственост на општина Дојран на КП бр. 206 и К.П. бр.208/1 К.О.Николиќ

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува оттуѓување на недвижен имот, девет објекти , во сопственост на општина Дојран, кој се наога на КП бр. 206 и КП бр.208/1 К.О.Николиќ, заведен во имотен лист бр.455, во лист В, издаден од Агенција за катастар на недвижностите на Република Македонија.

Член 2

Невижностите опишани во членот 1 на оваа Одлука да се оттуѓи во постапка со јавно наддавање, во согласност со Закон.

Член 3

Постапката за оттугување на недвижниот имот ке ја спроведе Комисијata за спроведување на постапката за продажба и давање на користење на недвижни и движни ствари во сопственост на општината по пат на јавно наддавање, формирана од Градоначалникот на општина Дојран.

Член 4

Почетна цена на јавното наддавање ке биде проценетата вредност на недвижниот имот што е предмет на продажба опишан во членот 1 на оваа одлука, утврдена од страна на овластен проценител.

Член 5

По успешно спроведената постапка, се задолжува Градоначалникот на Општина Дојран да склучи договор за регулирање на посебните права и обврски за отуѓување на недвижниот имот со најповолниот понудувач од јавното наддавање.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дојран".

Бр.08-54/22
09.02.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

1.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на Доброволното Противпожарно друштво „Дојран„ за 2026 година............................................1
2.Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Доброволното Противпожарно друштво „Дојран„ за 2026 година...........................................................................................2
3.Решение за објавување на Програмата за активностите на Општина Дојран од областа на културата во 2026 година ...........................................................................................................3
4. Програма за активностите на Општина Дојран од областа на културата во 2026 година ..........4
5.Решение за објавување на Програмата за активностите на Општина Дојран во областа на спорт и млади во 2026 година.........................................................................................................7
6.Програма за активностите на Општина Дојран во областа на спорт и млади во 2026 година............................................................................................................................................8
7.Решение за објавување на Одлуката за доделување средства на Ловечкото друштво„Беласица„ Струмица.........................................................................................................................................11
8.Одлукат за доделување средства на Ловечкото друштво„Беласица„ Струмица........................12
9.Решение за објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Дојран за 2026 година..........................................................................................................................................13
10. Програмата за работа на Советот на Општина Дојран за 2026 година..................................14
11.Решение за објавување на Заклучокот по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2025 година за период, Јануари-Декември 2025 година- четврт квартал.......................................................................................................................................20
12. Заклучок по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2025 година за период, Јануари-Декември 2025 година- четврт квартал...............................................21
13.Решение за објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Дојран во 2026 година.............................................22
14. Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Дојран во 2026 година...................................................................................................23
15.Решение за објавување на Годишната програма за одржување на јавна чистота во општина Дојран за 2026 година.....................................................................................................................26
16.Годишна програма за одржување на јавна чистота во општина Дојран за 2026 година..........27
17.Решение за објавување Програмата за за финансирање на активностите на општина Дојран за областа на социјалната заштита во 2026 година...........................................................................31
18.Програма за за финансирање на активностите на општина Дојран за областа на социјалната заштита во 2026 година....................................................................................................................32
19.Решение за објавување Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година..........................................................................35
20.Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година......................................................................................................................36
21.Решение за објавување Одлуката за усвојување на Финансовиот План на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година.........................................................................37
22.Одлука за усвојување на Финансовиот План на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин" Стар Дојран за 2026 година......................................................................................................................................38
23.Решение за објавување Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2025 година.......................................................39
24.Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2025 година...................................................................................................40

25.Решение за објавување Заклучокот по по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2025 година.....................................................................................................................................41
26.Заклучок по по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2025 година .................................42
27.Решение за објавување Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Дојран за 2025 година.............................................................43
28.Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Дојран за 2025 година ...........................................................................................42
29.Решение за објавување Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2026 година.........................................................................................45
30.Годишна програма за изработка на урбанистички планови во општина Дојран за 2026 година.....................................................................................................................................46
31.Решение за објавување Одлуката за двање согласност за поведување постапка за усогласување на урбанистичкиот план заради утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на К.П.бр.276 К.О. Нов Дојран-вон град .........................................................48
32.Одлука за двање согласност за поведување постапка за усогласување на урбанистичкиот план заради утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на К.П.бр.276 К.О. Нов Дојран-вон град ..............................................................................................................49
33.Решение за објавување на Годишната Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Дојран за 2026 година..................................50
34.Годишна Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Дојран за 2026 година..........................................................................51
35.Решение за објавување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште во Општина Дојран за 2026 година..........................................................................................53
36.Годишна Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Дојран за 2026 година..54
37.Решение за објавување на Програмата за работа од областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.С.М. на подрачјето на Општина Дојран за 2026 година.....................................................................................................................................65
38.Програма за работа од областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.С.М. на подрачјето на Општина Дојран за 2026 година..........................................................66
39.Решение за објавување на Одлуката за отуѓување на недвижен имот во сопственост на општина Дојран на КП бр. 206 и К.П. бр.208/1 К.О.Николиќ .....................................................78
40.Одлука за отуѓување на недвижен имот во сопственост на општина Дојран на КП бр. 206 и К.П. бр.208/1 К.О.Николиќ .......................................................................................................80
50.Содржина.........................................................................................................................81

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЈРАН" излегува по потреба. Уредува и издава: Општинска администрација на Општина Дојран.